Врз основа на член 27 став 4 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" број 32/2020 и 111/23) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 август 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ПЛАН НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЕДИНИЦА ЈИ 02.02.СО ПЛАНСКИ ОПФАТ: НА СЕВЕР
ПО ОСОВИНА НА РЕКА ОТИЊА, НА ЗАПАД ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА ТОДОР
КОЛАРОВ, НА ЈУГ ПО ОСОВИНА НА УЛИЦА СУТЛАК ДО МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ЦЕНТАР
КИРО ГЛИГОРОВ И НА ИСТОК ПО ГРАНИЦИ НА НАМЕНСКИ ЗОНИ
И ОСОВИНА НА КРАК НА УЛИЦА ГЕНЕРАЛ МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ,
ОПШТИНА ШТИП

член 1

Се утврдува Нацрт-План на детален урбанистички план за дел од урбана единица ЈИ 02.02.со плански опфат: на север по осовина на река Отиња, на запад, на запад по осовина на улица Тодор Коларов, на југ по осовина на улица Сутлак до Мултимедијален центар киро глигоров и на исток по граници на наменски зони и осовина на крак на улица Генерал Михајло Апостолски, општина Штип изработена од Студио Атриум –доо Штип со технички број У-48/23.

член 2

Нацрт Деталниот урбанистички план (ДУП) од член 1 од оваа Одлука содржи:

- Барање за одобрување
- Ажурирана геодетска подлога
- Планска документација
- Геодетски елаборат
- Нацрт ДУП
- Позитивни мислења од надлежни институции
- Ревизии

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 4942 /1
15 август 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова